Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 13 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и деветтата редовна седницата одржана на 28.12.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година**

## 1. Вовед

Со оваа Програма се уредува преземањето на активности за изградба, проширување и одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Валандово за 2024 година.

## 2. Одржување на јавното осветлување

Согласно Одлуката за комунален ред во Општина Валандово и мерките за нејзино спроведување, Советот на Општина Валандово со оваа Програма го уредува одржувањето на јавното осветлување, кое опфаќа одржување на објектите и инсталациите во исправна состојба, чистење и замена на светлечките тела (сијалици и арматури), означување (нумерирање), чистење и боење на електричните столбови.

Со Програмата се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2024 година, односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, нивното финансирање, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во општината.

Финансирањето на јавното осветлување е уредено со Законот за комунални такси, според кој за користење и одржување на јавното осветлување е пропишано плаќање на комунална такса.

Наплатата на комуналната такса за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши ЕВН Македонија АД Скопје-КЕЦ-Гевгелија и ја уплаќа на сметка на Буџетот на Општина Валаново:

Јавно осветлување во вкупен износ од 11.000.000,00 денари, од кои 10.000.000 денари, приходи од наплата на комунална такса и 1.000.000 од други приходи, а распоредот на планирани расходи е главно од Програма Ј3- јавно осветлување, но и од програмите АО, ЕО, Г1 и ЊО, и тоа :

- за тековна потрошувачка на електрична енергија 4.800.000,00 денари
- за набавка на материјали за тековно одржување 1.200.000,00 денари
- за изградба и реконструкција на јавното осветлување 5.000.000,00 денари

Редовното одржување на јавното осветлување ќе се врши врз основа на поднесена пријава-барање од страна на граѓаните, Месни заедници како и по извршени редовни контроли

како теренски увиди за согледување на состојбите, отстранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Со редовно одржување на јавното осветлување се опфаќа:

- замена на прегорени и скршени сијалици;
- замена на оштетени столбови;
- сервисирање на електрична инсталација (кабел, фитос, затега) ;
- замена на сите останати елементи на сијаличното место (автоматски осигурувачи, ножест осигурувач, фасонка и сл.);

Изградбата, проширувањето, реконструкцијата на мрежата на јавното осветлување, набавката на материјали за тековно одржување, редовното одржување на јавното осветлување, ќе го вршат овластени компании, избрани во постапка за јавна набавка.

Спроведувањето на Програмата ќе се врши преку одговорните лица во администрацијата на Општина Валандово, а ќе го следи Комисијата за јавно осветлување и за контрола на наменското трошење на средствата за јавно осветлување.

## 3. Изградба и реконструкција на јавното осветлување

Интервенции кои се планираат да бидат вршени на јавното осветлување во 2024 година, и поставување на осветлување согласно потпишените договори за реализација на проекти се дадени во следната табела:

| Населено место | Потег од - до сијалично место | Опис | Метален столб | СКС 2x16 мм/м | ЛЕД Светилка |
|---|---|---|---|---|---|
| Валандово | Влез на Валандово кај здравствен дом | Проширување на мрежата | 4 | 300 | 4 |
| Валандово | Манастир Св.Ѓорѓи - Исар-кулата | Проширување на мрежата | 15 | 800 | 15 |
| Пирава | Пирава-до манастир Св.Ѓорѓи | Проширување на мрежата | 81 | 2750 | 81 |
| Чалакли | Влез на Чалакли до последна куќа | Проширување на мрежата | 20 | 1550 | 20 |
| Дедели | Од регионален пат до школо | Проширување на мрежата | 15 | 900 | 15 |
| Јосифово | Место – Расадник Помеѓу Јосифово и Удово | Проширување на мрежата | 15 | 750 | 15 |
| Удово | Ул.Вардарска | Проширување на мрежата | 40 | 2150 | 40 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Калково | Од почеток на школото до крај на сокакот | Проширување на Мрежата | 5 | 350 | 5 |
| Валандово | Ул.11 октомври бр.7 | Дополнување на осветлување со нова лед сијалица | 1 | 35 | 1 |
| Валандово | Ул.Лазар Колишевски | Дополнување на осветлување со нова лед сијалица | 1 | 35 | 1 |
| Валандово | Ул.Самоилова | Дополнување на осветлување со нова лед сијалица | 1 | 35 | 1 |
| Дедели | Потреба од нова арматура | Дополнување на осветлување со нова лед сијалица | 1 | 35 | 1 |

Согласно со потребите мрежата на јавно осветлување ќе се надополни и во населените места каде се изградени и се градат нови улици, а кои досега не беа дел од мрежата на уличното осветлување.

**Заштеда на енергија**

Општина Валандово согласно Одлуката на Владата за намалувањето на потрошувачката на електрична енергија и нејзино спроведување во текот на 2024 година, и спроведените активности согласно планот за намалување на потрошувачката на електрична енергија, ќе продолжи со почитување на мерките за заштеда. Како корисник на слободниот пазар за набавка на електрична енергија, општината постојано ќе ја следи состојбата со цената на електричната енергија во текот на 2024 година и согласно со истата ќе бидат превземени потребни мерки, со цел постигнување на оптимално јавно осветлување, без да се наруши ликвидноста на буџетот на општината.

**5. Завршни одредби**

Градоначалникот на општина Валандово се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валандово".

Совет на општина Валандово
Претседател
Владимир Марков